CDI
Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë
www.irz.org.mk MACEDONIA

# Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
www. irz.org.mk
Marsal Tito 106 Tetovo
1200 Makedonija
+389-44-340-677

ЗДРУЖЕНИЕ ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА
Бр. 06-15
05.09 2018 год.
ТЕТОВО

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 12-09-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 8606/1 | | |

**До**
Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија
Одделението за соработка со невладини организации
Бул.Илинден бр.2, 1000 Скопје

05.09.2018

Предмет: Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година

Почитувани,

Врз основа на повикот за доставување предлог иницијативи за годишна работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, Ви доставуваме предлог за измени на закон за локална самоуправа, член 41 и член 55 кои се однесуваат на општинските комисии за односи меѓу заедниците.

Овој предлог закон е заснован на повеќе од 10 години следење на работата на општинските совети, работата на КОМЗ и учеството на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво, соодветно на нивната етничка припадност.

Измените на законот се од особена важност за доследна имплементација на Охридскиот рамковен договор.

Доколку Ви се потребни дополнителни информации, Ве молам да контактирате со мене на следниот телефонски број: 070-250-286 или електронска пошта skoceski@gmail.com

Со почит,

ЗДРУЖЕНИЕ ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА ТЕТОВО 1

Сретен Коцески
Застапник

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фонацијата: Институт за развој на заедницата

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5752736

Седиште и адреса (улица, број, општина): маршал Тито број 106/7, Тетово

Застапник: Сретен Коцески

Веб страница: www.irz.org.mk

Електронска пошта (e-mail): skoceski@gmail.com

Телефонски број за контакт: 070-250-286

Лице за контакт: Сретен Коцески

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Македонија**
**за 2019 година**

**Наслов на иницијативата: "Бона Менте" - Измени на член 41 и член 55 од Законот за локална самоуправа во делот кој што се однесува на Комисиите за односи меѓу заедниците.**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Македонија)

1. Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

2. Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа;

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Македонија)

1. Градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Република Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење на дух на меѓусебно почитување

2. Унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност

преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење;

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Доследна имплементација на Охридскиот рамковен договор на локално ниво. Во процесот на интеграции на Република Македонија во Европската Унија и НАТО, врвни приоритети се меѓуетничките односи.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Законот за локална самоуправа со членовите 41 и 55 го уредува прашањето на општинските Комисии за односи меѓу заедниците.**

Во период од 2008 до 2018 година, Здружение ИРЗ со своите партнери утврди низа недоследности, со кои овие комисии воопшто не се функционални во рамките на општините, и воопшто не ја вршат својата функција. Со тоа, Охридскиот рамковен договор не се спроведува доследно на локално ниво.

Забележени се повеќе недостатоци во законот кои што мора да се уредат со зимена на закон. Овој проблем Здружение ИРЗ го адресираше и во своето излагање пред Парламентарниот комитет за односи меѓу заедниците во 2011 година.

Клучни наоѓања како слабости кои што измената на законот треба да ги надмине се следните:

- Не е точно прецизирано што се подразбира под поимот "Култура" кој што се однесува на заедниците
- Доколку поимот Култура подразбира и финансирање на активности од обаст на култура, не е јасно дали и буџетот треба да се усвојува со таканаречено "Бадинтерово" мнозинство
- Недостасуваат точно утврдени временски рокови за предлози од комисијата до општинскиот совет, и за колку време советот треба да се произнесе спорд нив
- Не се утврдени критериуми за избор на членови на КОМЗ и како се избираат
- Во дополнение на овој предлог се дадени дополнителни информации и дилеми кои се поставуваат околу работењето на КОМЗ, нејзината надлежност и функции (Види прилог)
- Не е регулирано кој се може да побара мислење од Комисијата за односи меѓу заедниците
- Не е утврдено кои се прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците
- Нема дефинирани казнени одредби во случај на прекршување на законот

Во прилог се дадени извадоци ид постоечкиот закон, и предлог закон како што предлагаме дека треба да стои.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

1. Ефективно спроведување на Охридскиот рамковен договор на локлано ниво
2. Зголемена доверба помеѓу граѓаните од различна етничка припадност
3. Зголемена доверба во институциите на локално ниво
4. Учество на граѓаните во процес на донесување на одлуки
5. Зголемена отчетсност и транспарентност на општините

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Измената на законот за локална самоуправа нема да предизвика финансиски импликации за буџетот на РМ.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

1. Прирачник: Се што сакам да знам за комисиите за односи меѓу заедниците (автор: Сретен Коцески)
2. Анализа на политики Комисии за односи меѓу заедниците (Автор: Ивана Томовска, Дамир Незири)
3. Резиме на документот за политики – Комисии за односи меѓу заедниците (Автор: Ивана Томовска, Дамир Незири)
4. Примена на начелото за соодветна и правична застапеност: Перцепција на граѓаните (Автор: Гордана Величковска)
5. Текст со постоечка законска регулатива со предлог текст за измена на закон (Автор: Сретен Коцески)
6. Дилеми во однос на функцинирањето на општинските комисии за односи меѓу заедниците врз основа на истражување и интервјуа со членови

Потпис на застапникот

04.09.2018 2018 година М.П. ---------------------------

ЗДРУЖЕНИЕ ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА ТЕТОВО 1